# ПЕДАГОШКО-ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ОД АКТИВИРАЊЕТО НА РАБОТИЛНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

## 1. *ВОВЕД*

Согледувањата во сферата на образовниот систем во Република Македонија зборуваат дека активно функционираат 53 средни училишта распоредени во 8 региони и 11 помали градови. Од овие училишта во текот на истражувањето е констатирано дека во 42 училишта имаме соодветни работилници, а во 29 и лаборатории)[1]. Со помош на активноста за економско образование на млади менаџери се опфатени ученици од повеќе образовни профили )[2].

Почитувајќи ја економската состојба во која се наоѓа Р.Македонија, императивно опстојува размислувањето од потребата на еден современ реформиран систем на образовани за активирање на работилниците согласно со педагошко-дидактичките нормативе, со цел за остварување дополнителен приход , јакнење на економската стабилност, како и развојот на визијата на учениците за создавање на сопствен бизнис,како и познавање на филозофијата на претприемништвото.

Во ова истражување ќе се прават напори за осознавање на:

-историскиот развој на училиштата во светот и нашите простори;

-образование со применета практика во функција од подобрувањето на економската состојба;

-просторните услови на работилниците и лабораториите;

[1] Министерство за образование,Финансов извештај, Скопје,2008.
[2] Предприемничко учење на младите, Ј.Манева, Скопје,2006г.

-ефектот од образовните програми по практична настава наменети за поттикнување на претприемничката насоченост на учениците, како клуч за понатамошниот развој;

-реализација на практичната настава према препораките и стандардите на Европската унија во наши услови;

-креирање вредности на иновации преточени во производи и услуги;

-избор на училиште за анализа на работата во практичната настава кое има постигнато врвни резултати на државни натпревари;

-пилот концепција од примена на современи композитни материјали, како суптитут на класичните конвенционални метали;

-активирање ученици во испитувањето на механичките карактеристики-испитување на лом на композитни материјали со цел креирање на истражувачки сознанија во лаборатории во училиштето;

-усвојување , методологија за изработка на алати од композитни материјали,како замена на класичните за постигнување позитивни економски ефекти-(Доделена „Gran pri" награда од Стопанска комора на Р.Македонија за применета иновација во стопанството)[3];

-изработка на автомобилска-каросерија (оплата) со примена на современа„PERT" метода, како рационална и економски оправдана ангажираност )[4];

Со истражувањето, очекуваме дека ќе се добијат сознанија за:
-добиени економски ефекти од работата на практичната настава;

---

[3] Стопанска комора на Р.Македонија,Скопје,2000г; www.sojuzkomori.org.mk
[4] Д-р Старковски Благоја, Операциони истражувања, Скопје,1996г.

-улогата на бизнисот и опкружувањето;

-потребата од етиката во образованието;

-улогата на овој вид образование за креирање кариера на учениците во иднината;

-методи за отпочнување на сопствен бизнис и пласирање на производите;

-можности и визии за самовработување;

-ангажирање на директорите на училиштата за остварување на сопствени финансиски ефекти од работилниците;
-етиката и комуникацијата со стопанските субјекти;
-презентација на економските ефекти од успешно училиште;
За изработката на трудот користена е современа стручна литература, сознанија од концепти во развиени земји, препораки за современо училиште према стандардите на ЕУ, како и 30 годишно работно искуство во училиште кое од формирањето беше конципирано само да создава средства-самофинансирање. Овој проект на работата и формирање на овој училишен центар, е изработен проект, кој конкурирал на Меѓународен конкурс,а потоа е формирано од Специјалниот фонд на ООН)[5];

Со овој труд, за прв пат класичниот традиционален маркетинг по Мек Карти (Mc Carthy) кој го класифицирал како **„четири Р"** маркетинзи: производ,цена, место и промоција **(product,place,price,promotion)**[6],кој функционира поради активирање на расположивите машини и опрема, во овој труд во сферата на активирањето на работилниците во средните училишта за постигнување на финансиски ефекти ќе го примениме најсовремениот интегриран маркетинг кој содржи: **„четири Ц"** решение за купувачот, трошок на купувачот, погодности и комуникација **(customor solution, customer cost,**

---

[5] Монографија 30 години ГМЦ, Уредувачки одбор, Скопје,1993
[6] Kahan Hazel, "What has technology wrought? Some effects of technology on the innovational society and commerce", Conference ESOMAR, New Jork, July, 1995.

**convenience,communication),** предодреден барањата да се задоволат преку систем на континуирана комуникација)[7], што всушност и образованието е поставено на релацијата на комуникацијата помеѓу постојното и наученото.

Сознанија и резултатите од овој труд се надеваме дека ќе дадат еден скромен придонес во сферата на размислувањето и креацијата на современо училиште кое со успех би се носеле со технолошките промени кои се присутни во нашето секојдневие и иднината.



Сл.1.1 Производи од композитни материјали

[7] [illegible] Christophe, "Les utilisent de ja internet", L'enterprise, decembre,1994; (Executive information Sistem)